*РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА*
*МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ*
Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди
Број 14.4 - 1/2
25.01.2023 година
Скопје

# ИЗВЕШТАЈ
*за работата на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во 2022 година*

Согласно утврдените надлежности во член 58 од Законот за внатрешни работи (Сл. весник на РСМ бр. 42/2014, 116/2014, 33/2015, 5/2016, 120/2016, 127/2016, 142/2016, 190/2016 и 21/2018), Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е внатрешен контролен механизам во Министерството за внатрешни работи. Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапува при утврдување на појави на незаконито, непрофесионално и неетичко постапување на полициските службеници во вршење на полициските работи, на овластените службени лица во вршењето на посебните должности и овластување и во постапувањето на останатите работници во Министерството за внатрешни работи. Одделот континуирано работи на документирање на пречекорувањето на законските овластувања на овластените службени лица, расчистување на неправилностите во работењето на вработените во МВР, постапувајќи како по податоци, информации и сознанија кои самостојно ги прибира, така и по добиени известувања, анонимни достави, претставки од граѓани и вработени во МВР, невладини организации и правни лица, барања од јавните обвинителства и други субјекти.

И во текот на 2022 година Одделот продолжи да биде максимално транспарентен и отворен за граѓаните, објавувајќи ги своите активности, Антикорупциската програма, периодичните извештаи и други информации од интерес за јавноста, на веб страницата на Министерството за внатрешни работи.

Во 2022 година целосно дојде до израз комплетираната законската рамка на воспоставената надворешна контрола врз работата на полицијата со проширување на надлежностите на надворешниот механизам за контрола на работата на лицата со полициски овластувања и функционирањето на Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Извршените измени и дополнувања на Законот за Народен правобранител, Законот за внатрешни работи, Законот за полиција, Законот за јавно-обвинителска служба, Закон за извршување на санкции, Закон за јавно обвинителство и Законот за судови, веќе претставуваат алатка за сеопфатна, ефикасна и ефективна надворешна контрола врз полицијата. Општ е впечатокот дека овој концепт влијае врз свеста и работата на полициските службеници во насока на нивно професионално постапување.

Соработката на Одделот со Одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања, во ОЈО ГОКК е исклучително добра, а комуникацијата тековна и без проблеми.

Во соработка со Одделот за односи со јавност и стратешки прашања, ОВККИПС во минатата година се приклучи кон организациските единици во МВР кои го применуваат стандардот МКС EN ISO 9001:2015, со опсег на сертификација внатрешна контрола, криминалистички истраги, професионално работење, превенција и интегритет, работа по претставки, истраги и професионални стандарди, односно се стекна со сертификат за успешно имплементиран систем за менаџмент со квалитет. По успешно завршување на две надзорни проверки од страна на акредитираното сертификационо тело, Одделот и во текот на оваа година продолжува да ги исполнува барањата на стандардот, согласно воспоставените процедури. Па така, во овој период воспоставени се цели за квалитет во 2022 година, утврдена е методологија за управување со ризици и извршено е приспитување на СМК од страна на врвното раководството. Интерната проверка беше спроведена во април 2022 година, додека надзорната проверка е спроведена во мај 2022 година. Примениот Извештај изготвен од страна на серификационото тело покажува дека Одделот успешно го заврши аудитот на лице место.

## *Статистички показатели за работата на Одделот*

Во текот на 2022 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, презеде мерки за испитување на **1269** (1.239)[1] случаи на посочени пречекорувања на овластувања и злоупотреби на службената положба и овластување на службени лица, што претставува зголемување за 2,4 % во однос на минатата година.

Во 2022 година во Одделот се примени **877** (562) **писмени претставки од граѓани**, што е зголемување на примените писмени претставки за 56% споредено со истиот период минатата година. Во однос на примените **записници за усно поднесени претставки - 244** (262), забележано е намалување за 6,9%. За 42% е зголемен бројот на примени **анонимни поднесоци - 138** (97).

Писмени реакции во вид на претставки, жалби и поплаки против работата на вработените во Министерството за внатрешни работи се добивани и преку невладини организации, вкупно - ***седум*** (15) и тоа сите преку **Хелсиншкиот комитет за човекови права.**

Оваа година се бележи намалување за 23% кај бројот на добиени претставки од **Народниот правобранител - 33** (43). Зголемување за 20% е забележано кај поднесоците добиени од **адвокати како полномошници на граѓаните - 82** (68) како и намалување за 34% кај добиените **претставки од правни лица - 31** (47).

Во одредени предмети, за покарактеристични случаи, истовремено или последователно се добивани поднесоци од повеќе субјекти (граѓани, невладини организации, или народен правобранител).

Покрај добиените претставки, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапуваше врз основа на сопствени податоци и сознанија, по добиени известувања, како и по барања што ги доставуваат или непосредно ги презентираат работниците на Министерството. Така, во овој период се добиени и **395** (214) **службени материјали (службени белешки, информации, телеграми) од организациските единици во МВР** во кои се укажува на одредени неправилности или незаконитости сторени од вработени во МВР.

[1] *Бројките во заградата се однесуваат на истиот период минатата година*

Од **1269** (1.239) случаи за кои се вршени проверки, **916** (929) **или 72 % се предмети во кои е постапувано врз основа на добиени претставки од граѓани, здруженија на граѓани или правни лица** во кои се посочуваат неправилности извршени од страна на вработени во МВР. Останатите **353** (310) случаи или **28%** се проверки вршени по основ на добиени известувања, сопствени сознанија и слично. По земањето во работа на претставките и извршената анализа, може де се констатира дека во **510** (522) случаи наводите изнесени во нив се **неосновани, во 99** (106) случаи **се основани,** за **208** (235) предмети **нема доволно докази** за да се потврдат или отфрлат наводите во претставката, **84** (58) се **делумно основани,** а **15 претставки** (осум) **се решени на друг начин (по една веќе е постапувано, две претставки се повлечени, за четири Одделот нема надлежност и за осум претставки нема основ за постапување).**

Претставките најчесто се однесуваат на непостапување или несоодветно постапување по пријавен настан, потоа следуваат постапувања спротивно на Упатството на користење на социјалните мрежи во Министерството и претставки поради незадоволство од констатирани сообраќајни прекршоци.

Во предметите по кои е постапено, во сите случаи каде се утврдени одредени неправилности во работењето на припадниците на Министерството за внатрешни работи, согласно Законот за внатрешни работи, Колективниот договор на МВР и подзаконските акти, од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди се иницирани задолжителни мерки до овластените предлагачи за поднесување на предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

За утврдените неправилности, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, против **468** (307) вработени изрече задолжителна мерка за поведување на **постапка за утврдување на дисциплинска одговорност пред надлежна Комисија за утврдување на дисциплинска одговорност.** За **388** (232) **лица** е изречена мерка **укажување, а на 56** (15) **вработени** за причинета штета на Министерството им е изречена мерка покренување на постапка за **надомест на штета-материјална одговорност. За 46** (39) **вработени е изречена задолжителна мерка оддалечување односно суспендирање од работно место до завршување на дисциплинската постапката, 53** (34) **се упатени на психолошко-психијатирски преглед и од 36** (33) **вработени е одземено службеното оружје.**

Во 2022 година, претставници од Одделот учествуваа во работата на дисциплинските комисии во постапка за утврдување на дисциплинска одговорност на вработени во МВР на 314 (340) расправи.

Во случаите каде се утврдени незаконитости во постапувањето на овластените службени лица кои имаат обележја на кривично дело од страна на ОВККИПС се поднесени **17** (17) **кривични пријави** против **29** (43) **вработени** во МВР за сторени **20** (21) кривични дела, од кои *по* ***пет*** *кривични дела* ***„злоупотреба на службената положба и овластување“*** *и* ***„примање поткуп“****, четири кривични дела* ***„малтретирање во вршење на службата“****, две кривични дела* ***„фалсификување службена исправа“*** *и по едно кривично дело* ***„несовесно работење во службата“, „разбојништво“, „проневера во службата“*** *и* ***„лажно пријавување на кривично дело“****.*

Покрај ова, во текот на годината, изготвени се и доставени **289** (231) **Известувања** до Основните јавни обвинителства во РСМакедонија, од кои **93** (81) **се за известување** на надлежниот јавен обвинител за негово запознавање и постапување, а **196** (150) **Известувања** се **изготвени по барање на ОЈО.**

***Од нив, 263*** *(193)* ***известувања се до ОЈОГОКК, од кои 257*** *(188)* ***до Специјализираното одделение за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластување и припадници на затворската полиција.***

Изминатата 2022 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди постапи по *52* (63) **поднесоци** во кои е наведено дека од страна

на полициски службеници **е употребена физичка сила врз граѓани.** По преземените мерки и испитувањето на случаите, утврдено е дека *28* (19) ***поднесоци се неосновани,*** односно употребата на физичка сила била оправдана или воопшто не била употребена, во *20* (40) ***случаи*** поради немање на докази ***не може да се утврдат наводите во претставката*** за употребена физичка сила, додека ***четири*** (четири) **претставки се *основани*** за што се поднесени четири кривични пријави за сторени четири кривични дела „малтретирање во вршење на служба".

Одделот, во сите случаи за кои е известен дека вработени во Министерството постапувале незаконски или непрофесионално кон граѓаните, без исклучок постапува и професионално ги врши проверките во претставките, без селективен пристап, со еднаков третман кон граѓаните, а по извршените проверки навремено се доставуваат одговори до подносителите на претставките.

Во 2022 година Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди излезе на лице место на *42* (50) случени сообраќајни незгоди, во кои учествувале вработени во МВР и управувале возила сопственост на Министерството. За случаите каде е констатирано дека при управување на службените возила вработените во Министерството не ги почитувале законските прописи, при што е настаната материјална штета на возилата сопственост на МВР, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди до непосредните раководители изрече задолжителни мерки да бидат поведени *20* (11) постапки за утврдување на **материјална одговорност.**

***Спроведени контроли од страна на Одделот за внатрешна контрола,криминалистички истраги и професионални стандарди во организациски единици на МВР***

Во текот на 2021 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со вршење на **контроли во организациски единици на МВР:**

- Постапувајќи по План И.бр.22.2.1.3-120/27 од 13.12.2021 година од БЈБ, изготвените Анекс планови и телеграма бр.22.2.1-01 од 13.01.2022 година од Министерот за внатрешни работи, Одделот во периодот јануари-март, во врска со ОА „Дозвола" спроведе контрола во **32** организациски единици и тоа **11** во- РЦ за ГР Југ (2-ПС за ГП и ГН Богородица, ПС за ГП и ГН Меџитлија), РЦ за ГР Север (2-ПС за ГП Табановце, 2-ПС за ГП и ГН Пелинце, ПС за ГП Јажинце, ПС за ГП Долно Блаце), РЦ за ГР Запад (Одделение за прекуграничен криминал, странци и реадмисија), РЦ за ГР Исток (ПС за ГП и ГН Деве Баир), 21 во СВР Штип (ПС за БПС Штип, ПО за БПС Пробиштип, ПО за БПС Свети Николе, ПО за БПС Кочани, ПО за БПС Виница), СВР Куманово (2-ПС за БПС Куманово, ПС од ОН Куманово, ПС од ОН Крива Паланка, ПС за БПС Крива Паланка, ПО Ранковце), СВР Струмица (2-ПО за БПС Гевгелија, ПС од ОН Гевгелија, ПС од ОН Валандово), СВР Битола (ПС за БПС Битола, ОВР Крушево), СВР Скопје (Одделение за БПС и Мобилна единица за БПС - Петровец) и СВР Тетово (ПС за БПС Тетово, ПО за БПС Гостивар). Утврдено е дека правилно се постапува по ОА „Дозвола" со извршување на претходно поставените задачи по пунктови, патролни и мотопатролни служби, согласно наредбите за вршење на служба, уредно се евидентираат автопревозниците и транспортерите на стоки и патници на влез и излез во и од државата во однос на примена и почитување на законските прописи и преземаат мерки и активности за контрола, откривање и санкционирање на кривични дела и прекршоци при влез и излез од државата;

- Постапувајќи по Наредба од Министер број 14-11534/1 од 08.02.2022 година и Планови бр.14-292/2 од 11.02.2022 година, Одделот на 14.02.2022 година спроведе контрола на четирите влеза во кругот на Министерството за внатрешни работи. Контролата се однесуваше на почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа, почитување на Наредбата за користење на службените возила и почитување на член 168 од ЗВР;
- По Наредба Сд. бр. 14-11534/1 од 08.02.2022 година и План 14-292/12 од 18.02.2022 година и бр. 14-981/1 од 24.05.2022 година, Одделот на ден 18.02 и 24.05.2022 изврши контрола во 14 организациски единици во Министерството за внатрешни работи: Оддел за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси, Оддел за заеднички работи и управување со човечки ресурси, Оддел за европска унија и меѓународна соработка, Оддел за односи со јавност и стратешки прашања, Оддел за финансиски прашања, Оддел за општи и заеднички работи, Оддел за информатика и телекомуникации, Сектор за меѓународна полициска соработка, Сектор за комјутерски криминал и дигитална форензика, Оддел за сузбивање на организиран и сериозен криминал, Оддел за криминалистичко – технички испитувања и вештачење, Оддел за криминалистичко разузнавачка анализа, Единица за стратешко планирање стандарди и контрола на квалитет во БЈБ и Сектор за известување и координација на состојби. Контролата се однесуваше на почитување на работното време согласно дневниот распоред за работа и почитување на Наредбата за користење на службени моторни возила;
- По истата Наредба и План бр.14-595/2 од 24.03.2022 година, Одделот на 25.03.2022 година спроведе контрола во три организациски единици и тоа: Одделение за управни работи Кичево, Одделение за прекршоци Кичево и Одделение за управни работи Охрид.

По спроведените контроли не се утврдени потешки повреди на работниот ред и дисциплина;
- По Наредби од Министер бр. 14-11541/1 и 14-11542 од 08.02.2022 година и Планови со рег.бр. 14-652/1 и 14-653/1 од 01.04.2022 година, 14-831/2 од 28.04.2022 година, 14-832/2 од 29.04.2022 година, 14-1570/1, 14-1571/1 и 14-572/1 од 25.08.2022 година, 14-1616/1 од 04.09.2022 година, 14-1856/1 од 04.10.2022 година и 14-2280/1 од 16.12.2022 година Одделот на 02-03.04.2022 година, 01-02.05.2022 година, 26,27 и 28.08.2022 година, 05.09.2022 година, 14.10.2022 година, 05 и 06.11.2022 година и на 16.12.2022 година спроведе контроли во 12 организациски единици во состав на секторите за внатрешни работи (ПС од ОН Битола, ПС за БПС Битола, ПС од ОН Прилеп, ПС од ОН Струга, ПС за БПС Струга, ПС за БПС Штип, ПС од ОН Делчево, ПС од ОН Ѓорче Петров, ПС од ОН Карпош, ПО Сарај, ПС од ОН Велес и ПС за БПС Велес) и во 11 организациски единици за гранични работи и тоа (ПС за ГП и ГН Меџитлија, ПС за ГН Франгово, (2)ПС за ГП Ќафасан, РЦ за ГР Исток, ПС за ГП и ГН Делчево, (3)ПС за ГП Долно Блаце, ПС за ГП и ГН Богородица и ПС за ГП и ГН Свети Наум). Во рамки на спроведените контроли констатирани се неправилности во работењето кај 25 полициски службеници, за што од страна на Одделот поднесени се иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност;
- На ден 18.06.2022 година ОВККИПС постапи по План бр.14-1128/1 од 18.06.2022 година, во врска со закажан митинг „Протест за промени“ од страна на политичка партија. Беа преземени мерки и активности со обиколка и присуство на теренот, со цел проверка на правилната и навремена поставеност на полициските службеници ангажирани согласно Планот за обезбедување на настанот;
- Постапувајќи по воспоставената Оперативна акција „Штит“, заради спречување на појава од насилство за време на одржување на јавните собири, спречување на нарушување на ЈРМ за време на одржување на јавните собири, одржување на поволен ЈРМ, спречување на ширење на говор на омраза, одржување на нормален и безбеден тек на сообраќајот ширум патиштата во државата и спречување и откривање на останати кривични дела и прекршоци во периодот кој следи, Одделот донесе и постапи по 11 Планови за мерки и активности по оваа Оперативна акција, во периодот од 05.07 до 15.07.2022 година;

- ОВККИПС, по повод државниот празник 2-ри Август, согласно План бр. 14-1418/1 од 01.08.2022 година, изврши контроли на полициските службеници ангажирани во обезбедување на прославите во меморијалните центри Пелинце во Куманово и Мечкин Камен во Крушево и културно историските споменици во Скопје, при што не се констатирани пропусти во извршувањето на работните задачи од страна на полициските службеници;
- На ден 20.08.2022 година ОВККИПС, постапи по План бр.14-574/5 од 17.08.2022 година за Локални избори во Тетово и подрачјето на ОВР Дебар 2022 година, при што беа преземени мерки и активности со цел овозможување на фер и демократски избори на подрачјето на општините Ростуше, Центар Жупа и Маврово како и на подрачјето на СВР Тетово.

За време на траењето на изборниот процес на наведените подрачја, во ОВККИПС не се примени пријави за непрофесионално и незаконско постапување на полициски службеници;
- На ден 10, 11, 23 и 24.09.2022 година ОВККИПС, согласно План бр.14.3.1-1639/1 од 09.09.2022 година, Планови со бр. 1731/1 и 1732/1 од 23.09.2022 година и План со бр. 14.1.2-1994/1 од 03.11.2022 година, изврши контрола на подрачјето на СВР Скопје (ПС од ОН Аеродром, ПС од ОН Драчево, ПС од ОН Кисела Вода, ПС од ОН Центар, ПС од ОН Карпош и ПС од ОН Ѓорче Петров) и на подрачјето на СВР Велес (контрола во шест казина), со цел проверка на информација во врска со зачестена појава, присуство на полициски службеници во униформа, во казина и кладилници за време на работа. По извршените проверки во казината и кладилниците на наведените подрачја, во казино во Велес, биле затекнати тројца полициски службеници. За постапување спротивно на телеграма бр. 22.1-14 од 12.09.2018 година од Директорот на БЈБ, поднесени се иницијативи за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска договорност против тројцата полициски службеници;
- На ден 04.12.2022 година ОВККИПС, постапуваше по План бр.14.1.2-2196/1 од 04.12.2022 година, за контрола на извршување на работните задачи на ангажираните полициски службеници и однесувањето на присутни вработени во МВР, за време на протест кој се одржа во Кочани, организиран од Независниот синдикат на полицијата, а причината за протестот била „Загриженост поради се почестите поднесувања на кривични пријави против полициски службеници во ОВР Кочани".

За време на траењето на протестот не е забележано постапување спротивно на член 168 од ЗВР, од страна на вработени во МВР, ниту пак во Одделот е пријавен било каков друг настан во кој е инволвиран вработен во МВР.

***Проектни активности, меѓународна соработка, работилници, обуки и други форми на стручно оспособување за вработените во Одделот***

Претставници од Одделот на ден 22.02.2022 година зедоа учество на работилницата за заштита на укажувачите, организирана од Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), која е дел од проширената соработка на оваа организација со Министерството за внатрешни работи за зајакнување на полицискиот интегритет и капацитетите на ОВККИПС. Презентирани се најдобите практики за укажување и националната легислатива од страна на Регионалната антикорупциска иницијатива (RACVIAC), Советот на Европа, Група на држави против корупцијата (ГРЕКО), Транспаренси интернешнл и ДКСК.

На ден 1-2.03.2022 година, во организација на Центарот за интегритет во безбедносниот сектор на Кралството Норвешка, се одржа настан на тема „Интегритет во јавните набавки", на кој присуствуваа двајца претставници од Одделот. Од страна на експерт за јавни набавки

беше презентирана програма за примена на основните принципи на јавните набавки во јавниот сектор, директивите на ЕУ кои се однесуваат на јавните набавки и потребата од спроведување на набавките на начин кој обезбедува заштита на јавниот интерес.

Претставници од Одделот присуствуваа на тркалезна маса на тема „Проценка на можностите за воспоставување на независен цивилен надзорен механизам со мандат да ги разгледува поплаките по однос на полициското работење“, на 04.03.2022 година, организирана од Отсекот за развој на полицијата при Мисијата на ОБСЕ во Скопје, во согласност со програмските активности во доменот на проверката (тестирањето) на професионалниот интегритет на вработените и воспоставување на транспарентни механизми за поуспешна борба против несоодветното и коруптивно однесување на вработените во Министерството.

Во периодот од 06.03.2022 до 11.03.2022 година Помошникот на министерот во ОВККИПС учествуваше на обуката за обучувачи за програмата „Сина Храброст“, во организација на ICITAP при Амбасадата на САД во Скопје, на која беа презентирани вештини за отпорност, лидерство, позитивна псхологија и практична мудрост, со експерти од САД како едукатори.

Со цел спроведување на Програмата за спречување на злоупотреба на полициските овластувања и заштита на човековите слободи и права чија основна цел е преку одржување на едукативни предавања да се влијае на зајакнување на личниот и професионалниот интегритет на вработените во Министерството, полициски службеници од Одделот, во соработка со претставници од Хелсиншкиот комитет за човекови права и Здружението на новинари на Македонија, на ден 09.03.2022 година, во полициската станица од општа надлежност Бит Пазар, спроведоа обука на тема „Спречување на злоупотреба на полициски овластувања и заштита на човековите слободи и права“. Целна група на слушатели на обуката беа полициски службеници од Одделенијата за превенција при секторите за внатрешни работи и регионалните центри за гранични работи. Истата обука беше одржана и на ден 31.03.2022 година, со целна група командири на полициските станици од општа надлежност во СВР Скопје.

На ден 16.03.2022 година во организација на Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор (DCAF), се одржа настан на тема „Тестирање на интегритет“ со учество на министерствата за внатрешни работи и единиците за внатрешна контрола, корисници на Регионалната програма за полициска соработка и градење на интегритетот на Западен Балкан, на кој присуствуваа четворица претставници од Одделот. На тркалезната маса беше презентирана програма за јакнење на капацитетите на министерствата за внатрешни работи и единиците за внатрешна контрола за спречување и борба против корупцијата, како и градење на личниот и институционален интегритет во согласност со меѓународно признатите стандарди. На тема „Моментален статус и следни чекори во планирање на интегритетот“, DCAF одржа тркалезна маса и на ден 13.06.2022 година.

На 23 и 24 март 2022 година се одржа обука по наслов „Управување со човечки ресурси: функции, алатки и трендови“, како дел од проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан“ организирана од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка, на која зедоа учество двајца претставници од Одделот. Обуката продолжи и на 05 и 06 мај 2022 година.

Во организација на Единицата за управување со квалитет на 4 и 5 април 2022 година во Центарот за обука на Министерството за внатрешни работи, се одржа обука под наслов „Интерни проверувачи за Систем за менџмент со квалитет“. Акцентот на обуката беше ставен на запознавање на слушателите со постапката за вршење на интерни проверки во организациските единици на МВР, чија цел е следење на усогласеноста на работните процеси со барањата на стандардот. Двајцата претставници од Одделот, кои учествува на обуката, се стекнаа со потврда за интерни проверувачи на СМК.

На ден 26.04.2022 година, претставник од ОВККИПС учествуваше на еднодневна работилница за Изработка на четвртиот периодичен извештај на РСМ по Меѓународниот пакт на ООН за граѓански и политички права, организирана од Министерството за правда, со цел запознавање на присутните со новите процедури воспоставени од страна на Комитетот за човекови права на ООН за изготвување на овие периодични извештаи.

Во периодот од 16 до 19 мај 2022 година, од страна на експерти од Државната комисија за спречување на корупцијата, се одржа работилиница за спроведување на Политиката за интегритет. Двајца претставници од Одделот беа запознати со процедурата за изработка на етички кодекси во институциите, индикаторите за мерење на ризикот од корупција на работните места, како и изготвување на подзаконските прописи од овие области.

Претставник од Одделот учествуваше на регионалната работилница за промовирање на интегритетот во безбедносниот сектор „Укажувачи", во организација на Центарот за безбедносна соработка RAVIAC и Регионалната анти-корупциска иницијатива RAI, што се одржа на 18 и 19 мај во Хрватска, на која се презентирани повеќе теми од областа на укажувањето.

На ден 09.06.2022 година, се одржа тркалезна маса на тема „Проценка на законската основа за воведување на тест за интегритет на вработените во МВР и идентификување на подзаконската рамка за негово спроведување", организирана од страна на мисијата на ОБСЕ во Скопје. Учесници на тркалезната маса беа вработените од ОВККИПС, пред кои е презентиран концептот за спроведување на тест за професионален интегритет.

Во рамки на проектот „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан", на ден 08-09.06.2022 година, во организација на Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка, беше одржан настан на тема „Судир на интереси во полицијата" на кој присуствуваа учесници од различни организациски единици од Министерството за внатрешни работи, меѓу кои и тројца претставници од Одделот.

Претставник од Одделот на 08.07.2022 година присуствуваше на Седмиот состанок на Управниот одбор на Проектот „Јакнење на капацитетите на пенитенцијаниот систем и на надворшниот механизам за контрола на полицијата во Северна Македонија – Хоризонтална рамка за Западен Балкан и Турција 2019-2022". На состанокот беше претставен напредокот на Проектот за периодот јануари – јуни 2022 година, како и активностите кои ќе се спроведуваат во наредните шест месеци.

Инспектори од одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, на 27.07.2022 година одржаа обука на вработените во Секторот за управно - надзорни работи и Секторот за оружје и експлозивни материи во Одделот за граѓански работи, на која присутните се запознаа со Законот за заштита на укажувачи, интегритет во МВР, судирот на интереси и примање на подароци, како и со Упатството за користење на социјалните мрежи од страна на вработените во МВР.

На ден 07.09.2022 година одржан е работен состанок помеѓу претставници од Мисијата на ОБСЕ во Скопје и претставници на ОВККИПС, на кој беа презентирани планираните активности за тековниот период. Договорено е да се одржат две работилници, во октомври и ноември, на кои ќе бидат опфатени теми од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во МВР, регулирање на човековите права во европските конвенции и меѓународните договорни, како спроведување на студија на случаи.

Во периодот од 11.09.2022 до 16.09.2022 година, како континуитет на досегашната успешна соработка на Министерството за внатрешни работи со Чешката Република, во Република Северна Македонија престојуваше делегација на Генералниот инспекторат на безбедносните сили од оваа земја. Домаќин на делегацијата беше Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, чии претставници за време на посетата, одржаа работни состаноци со чешките колеги. На ден 12.09.2022 година се потпиша Меморандумот за разбирање помеѓу Министерството за внатрешни работи и Генералниот

инспекторат на безбедносните сили на Чешката Република, како основ за заедничко спроведување на истраги кои ќе доведат до конкретни резултати во однос на спречувањето на корупцијата и мултидисциплинарен пристап за ефективна превенција.

Како дел од Проектот: „Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан", кој во наредните пет години ќе се спроведува помеѓу Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија и Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка, на 21 и 22 септември се одржа обука под наслов „Анализа на работни места во МВР". Слушатели на обуката беа работници од Одделот за правни работи, судски постапки и управување со човечки ресурси, Одделот за заеднички работи и управување со човечки ресурси, Одделот за внатрешни контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди и Одделенијата за заеднички работи од СВР и РЦ за ГР.

На 23 септември, во просториите на ОВККИПС се одржа состанок помеѓу претставници од Центарот за интегритет во одбранбениот сектор на Кралството Норвешка и претставници од Одделот, со цел анализа на спроведените активности од Проектот:„Промоција на интегритет и добро управување во земјите од Западен Балкан", како и конкретизација на идните активности кои би биле предвидени со годишниот план за 2023 година. Нова активност која беше предложена од ЦИДС е организирање на регионални средби помеѓу службите за внатрешна контрола на земјите од регионот и тоа Косово, Црна Гора и Албанија. Идејата беше со задоволство прифатена, како можност за размена на искуства помеѓу овие земји за областите кои се во надлежност на внатрешната контрола.

На ден 12.10.2022 година двајца претставници од Одделот учествуваа на тркалезната маса „Стандари за интегритет во јавниот сектор според Конвенцијата на Обединетите нации против корупцијата" на која беа обработени членовите 7, 8 и 10 од Конвенцијата, барањата, добрите практики и предизвиците, како и мерките преземени за унапредување на имплементацијата.

Во периодот од 17.10.2022 до 22.10.2022 година, делегација од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди предводена од Помошникот на министерот во ОВККИПС, престојуваше во возвратна посета на Чешката Република. Домаќин на делегацијата беше Генералниот инспекторат на безбедносните сили од оваа земја, чии претставници, во текот на месец септември 2022 година беа во работна посета на Република Северна Македонија.

Во соработка со ОБСЕ, а во насока на реализација на планираните активности во септември, одржани се две работилници во Струга, првата од 26 - 28.10.2022, втората од 02 – 04.11.2022 година, за подигање на свеста на полициските службеници за полициската етика и спречување на култура толерантна кон недоличното однесување на колеги. Учесници на работилниците беа полициски службеници од полициските станици од општа надлежност и полициските станици за гранични проверки и граничен надзор од средно раководно ниво – командири, заменици и помошници.

Помошникот на министерот во ОВККИПС на 01.12.2022 година активно учествуваше на презентацијата на Република Северна Македонија за билатералниот скрининг пред Европската Комисија во Брисел во делот „Антикорупциска програма" од Поглавјето 23 законодавство на ЕУ.

Претставник од Одделот учествуваше на работилницата за стратешките определби на МВР за вклучување и комуникација со заедницата 2023-2025 година во областа „Вклучување и комуникација со заедницата", од 28 - 30 ноември во Велес и на 14.12.2022 година во Скопје. Констатирано е дека поголемиот дел од поставените цели во Стратегијата успешно се имплементирани во праксата особено во делот на превентивното делување на Полицијата и нејзината соработка со граѓаните и локалните совети за превенција во општините.

На 19 декември 2022 година двајца претставници од Одделот учествуваа на Работилницата за координирање на темелните права во поглед на пристапувањето во ЕУ, во

организација на Институтот за европски политики, чија цел е собирање на едно место на релевантните државни актери одговорни за различни области од темелните права, вклучени во процесот на пристапување на Северна Македонија во ЕУ и граѓанските организации кои работат на владеењето на правото.

Одделот за внатрешна контрола, криминалистичка контрола и професионални стандарди - Одделение за интегритет, спречување на корупција и заштита на човекови права во соработка со Женевски центар за демократска контрола на вооружените сили DCAF, во моментов интензивно работи на изработка на План за интегритет кој ќе претставува одлична алатка за препознавање на ризиците на работните места во МВР, со предлог мерки за нивно намалување и целосно исчезнување. Во оваа насока, на 13.12.2022 година, одржан е работен состанок на кој е разгледана нацрт верзијата на Планот за интегритет и Акцискиот план за негово спроведување.

Одделението за интегритет, превенција од корупција и заштита на човекови права активно соработува со повеќе меѓународни органзации во кои членува преку присуство на вебинари и on line конференции, како што се: EPAC (Европски партнери за борба против корупцијата. Во неа членуваат надлежните органи за борба против корупција од земјите членки на Советот на Европа), IAACA (Меѓународна асоцијација на антикорупциски власти), ICIN (Мрежа која ги поврзува организациите кои се одговорни за криминални истраги во врска со вработени во полиција. ICIN има свој мандат во рамките на Европол). Во весникот на EPAC од страна на инспектор од ова Одделение, беше објавен текст за соработката која ОВККИПС ја оствари со претставниците од ГИБС-Генералниот инспекторат на безбедносните сили на Република Чешка. Исто така, редовно се одговара на поставени прашања од членови на Секретаријатот на EPAC од различни земји.

***Јакнење на институционалната и меѓуинституционална соработката на Одделот со институции задолжени за борба против незаконско и непрофесионално постапување***

И во 2022 година, Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди продолжи со активности за јакнење на соработката со Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал во МВР, Јавните обвинителства и судовите, со цел поефикасна борба против незаконското и непрофесионално постапување на вработените во Министерството, а посебно со Специјалното одделението за истражување и гонење на кривични дела сторени од лица со полициски овластувања во ОЈО ГОКК.

Имајќи ги предвид новите законски решенија, детално обработени во воведниот дел, оваа соработка веќе станува поинтензивна и се подига на ново квалитативно ниво.

Имено, самата имплементација на овие законски решенија диктира динамично темпо на меѓуинституционална соработа, што мора да резултира со интеракциски пристап на сите државни органи на кои се однесува оваа законска регулатива.

Одделот и во оваа година тековно соработуваше со Управата за финансиска полиција во Министерството за финансии, доставувајќи редовно квартални известувања, согласно обврските од Законот за јавна внатрешна контрола и Уредбата за постапката за спречување на неправилности, начинот на меѓусебна соработка, формата, содржината, роковите и начинот за известување за неправилностите, во однос на управувањето и користењето на јавните средства.

*Јакнење на соработката со Народниот правобранител, граѓаните и невладиниот сектор*

Еден од клучните приоритети на Министерството за внатрешни работи, а посебно на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди е остварување на континуирана соработката со Народниот правобранител и невладините организации, имајќи ја предвид нивната основна функција, која се состои во давање правна помош и заштита на основните права и слободи на граѓаните во случаи кога истите им се загрозени, со посебен акцент на маргиналните групи.

Погореспоменатите законски измени нужно водат кон интезивирање на соработката на ОВККИПС со Народниот правобранител, како и со граѓаните и невладиниот сектор.

Одделот ја продолжи својата активност за одговорно и сеопфатно информирање на Народниот правобранител и невладините организации за своите активности. По сите барање од Народниот правобранител и невладините организации Одделот навремено доставува одговори.

По барање од Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, Одделот доставува периодични табеларни прегледи на Министерството за внатрешна работи за постапување по обраќањата и препораките на народниот правобранител, групирани по области.

*Имплементација на Антикорупциската програма и јакнење на интегритетот на вработените во Министерството за внатрешни работи*

На почетокот од годината Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди во име на Министерството за внатрешни работи изготви *Антикорупциска програма на Министерството за внатрешни работи за 2022 година, како* и *Акциски план за имплементација* во кој се дефинирани активностите, временската рамка за реализација, носителите на активност и индикаторите на успех. Основа на Програмата се препораките кои произлегуваат од извештајот на ГРЕКО за евалуација на РСМ – петти круг на тема „Спречување на корупцијата и промовирање на интегритетот кај централната власт (највисоките извршни функции) и органите за спроведување на законот".

ОВККИПС е координатор на активностите од Акциониот план за имплементација на обврските за Министерството за внатрешни работи, кои произлегуваат од извештајот, а отпочнаа по потпишувањето на Акциониот план. Во оваа насока, одржани се работни средби со раководителите на организациските единици задолжени за постапување по Акциониот план, а Одделот веќе ги приврши активностите на коишто е носител. Имено, во делот објавување на што поголем број на податоци, поврзани со конкретни аспекти од работата на МВР, Одделот на веб страната на МВР, редовно ги објавува периодичните и годишните извештаи, Антикорупциската програма, Етичкиот кодекс за однесување на вработените во МВР и други активности на Одделот.

Извршена е интервенција во актот за систематизација на работните места во ОВККИПС, во Секторот за професионално работење – интегритет и превенција, Одделение за интегритет, превенција од корупција и заштита на човековите права, во насока на утврдување на работни места за управување со ризици од корупција и доверливост.

Вработени од Одделот се членови во работните групи формирани за изработка на подзаконски акти со кои ќе се допрецизират измените и дополнувањата на Законот за внатрешни работи и Законот за полиција, кои беа донесени во текот на 2022 година .

Одделот континуирано посветува посебно внимание на професионализацијата, департизацијата и деполитизацијата на вработените во Министерството, јакнење на интегритетот на вработените, доследно почитување на етичкиот кодекс на однесување, репресијата како алатка за санкционирање на корупцијата и останатите злоупотреби на овластувањата, а пред се интензивно работење на превенцијата од аспект на отстранување на условите кои овозможуваат корупција.

ПРИЛОГ : Табеларен преглед

ПОМОШНИК НА МИНИСТЕРОТ

Игор Арсовски

ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД
на одредени податоци од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионалн стандарди

I.Број на службени лица спрема кои се изречени задолжителни мерки од Одделот за внатрешна контрол криминалистички истраги и професионални стандарди по вид и години:

| | Вкупно предмети по кои е постапено | Кривично пријавени лица | Поведув. дисц. постапка | Укажување | Постапка за надомест на материјална штета | Оддалечување од раб.место |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 г. | 1524 | 26 | 205 | 200 | 39 | 2 |
| 2016г. | 1391 | 10 | 244 | 149 | 21 | 5 |
| 2017г. | 1200 | 17 | 355 | 153 | 18 | 48 |
| 2018г. | 1382 | 19 | 338 | 174 | 25 | 22 |
| 2019г. | 1371 | 10 | 334 | 163 | 27 | 20 |
| 2020г. | 1409 | 29 | 388 | 185 | 21 | 24 |
| 2021г. | 1239 | 43 | 307 | 232 | 15 | 39 |
| 2022г. | 1269 | 29 | 468 | 388 | 56 | 46 |

II. Поднесоци против полициски службеници за употребена физичка сила

| | вкупно поднесоци | основани | неосновани | нема докази | делумно основани |
|---|---|---|---|---|---|
| 2015 г. | 62 | 3 | 35 | 24 | / |
| 2016г. | 60 | 3 | 31 | 26 | / |
| 2017г. | 38 | 1 | 14 | 23 | / |
| 2018г. | 64 | 5 | 15 | 44 | / |
| 2019г. | 67 | 3 | 26 | 38 | / |
| 2020г. | 65 | 6 | 27 | 30 | 2 |
| 2021г. | 63 | 4 | 19 | 40 | / |
| 2022г. | 52 | 4 | 28 | 20 | / |

III. Поднесоци од Народниот правобранител

| | Вкупно поднесоци | одговорени |
|---|---|---|
| 2015 г. | 27 | 27 |
| 2016г. | 24 | 24 |
| 2017г. | 25 | 25 |
| 2018г. | 32 | 31 |
| 2019г. | 49 | 48 |
| 2020г. | 30 | 30 |
| 2021г. | 43 | 42 |
| 2022г. | 33 | 33 |

IV. Добиени и одговорени поднесоци од невладини организации

| | примени | одговорени |
|---|---|---|
| Хелсиншки комитет за човекови права | 7 | 7 |
| | | |
| Вкупно | 7 | 7 |